Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

2025

Извадок на дел од дневни настани 11.06.2025

СВР Скопје поднесе кривична пријава против 17-годишник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 26.03.2025 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и МДМА таблети.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.С.(43) од с. Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 07.01.2025 на Граничен премин Табановце, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле метамфетамин.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Ј.Б.(20) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 01.06.2025 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувал пријавениот, при што кај кого биле пронајдени и одземени куршуми калибар 7,62 мм.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Х.Џ.(44) од Скопје и Л.М.(57) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 15.02.2025 во Велес, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „сеат леон", во кое сопатник бил првопријавениот. Притоа, Х.Џ. флрлил хероин, кој претходно го набавил од второпријавениот, а кој бил пронајден од полициски службеници. .

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против А.Б.(48) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 02.06.2025 во Дебар, поради нерасчистени должничко -доверителски односи, пријавениот упатил закани на К.П.(69) од Дебар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Џ.Б.(35), Д.Б.(33), М.Б.(30), Е.Б.(51), А.Б.(32), А.С.(42) и Н.С.(20), сите од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 21.04.2025 во Гостивар, по претходна расправија, пријавените го нерушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка, при што употребиле и тврди предмети.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.Џ.(43) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во февруари 2024 година, во механичарска работилница на пријавениот во Гостивар, 46-годишник од гостиварско однел на поправка патничко возило „бмв" со швајцарски национални ознаки, кој пак го проследил на механичар во Тетово. Сумата за поправка од 1.800 евра му била исплатена на Б.Џ., но тој не ја дал на механичарот од Тетово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Ј.(23) од Богданци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 19.08.2024, преку социјална мрежа, пријавената контактирала со 42-годишна жена од Гостивар и лажно се претставила како агент за издавање на апартмани за летување во Република Грција, при што ѝ побарала износ од 17.250 денари за седум ноќевања, кои оштетената ѝ ги уплатила на сметка без договор за закуп, а летувањето не го реализирала.

На 10/11.06.2025 во Скопје, на различни локации, полициски службеници од СВР Скопје ги лишија од слобода Л.Љ.(21), А.М.(20), Е.Е.(28), А.П.(38), еден 17-годишник сите од Скопје и Х.А.(22) од Тетово, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случаите ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 10.06.2025 во 13.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Н.(37) од с.Лојане, општина Липково. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.06.2025 во 12.45 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека во Национален парк „Галичица" биле пронајдени и од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување биле подигнати една неексплодирана граната калибар 75мм и една неексплодирана рачна бомба кои потекнувале од Првата светска војна.

На 10.06.2025 во 22.00 часот на Граничен премин Долно Блаце, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода А.С.(26) од Косово затоа што при гранична проверка било констатирано дека патничкото возило „бмв" со швајцарски национални ознаки, кое го управувал, евидирало во оперативна евиденција по барање на Интерпол со активна мерка „украдено возило". Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 10.06.2025 околу 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Васил Ѓоргов" во Скопје, 62-годишната В.Џ., управувајќи велосипед, изгубила контрола и со велосипедот паднала на коловозот. Во несреќата, велосипедистката се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (11.06.2025) во 01.40 часот во СВР Скопје, Б.А.(38) од Скопје пријавил дека на 10.06.2025 околу 22.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници, кои ги познавал, од кои едниот од нив употребил остар предмет и му нанел повреда. Според пријавеното, подоцна малолетниците им упатувале закани на двајцата, при што истиот малолетник нанел повреда со остар предмет и на Б.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, до надлежното Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, поднесе кривична пријава против Д.М. од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување" по член 353 од Кривичниот законик. Пријавениот Д.М., во текот на март 2023 година како документарист во Полициската станица Тетово изготвил службен акт - Известување адресирано до адвокат со невистинита содржина, кој не евидирал како таков во ниту една службена евиденција на СВР Тетово, го злоупотребил потписот од раководителот на полициската станица, регистарскиот број на актот и процедурите за примање, постапување и достава на службен акт во постапка за проверка на достапност. Таквиот акт со невистинита содржина бил употребен во оставинска постапка каде бил евидентиран како доказен материјал на штета физички лица и правно лице од Кичево.

На 10.06.2025 во 14.30 часот во СВР Скопје, 88-годишна жена од Скопје пријавила дека истиот ден била измамена од едно лице за сума од околу 232.000 денари. Според пријавеното, машко лице ѝ се јавило телефонски и ѝ кажало дека нејзината ќерка предизвикала сообраќајна несреќа во странска земја во која прегазила дете и доколку не сака таа да лежи во затвор требало да плати. Како што е пријавено, тие се договориле, по што таа му ги дала парите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (11.06.2025) во 02.15 часот во СВР Струмица, А.П.Д.(42) од Струмица пријавил дека околу 01.00 часот во Струмица, неговата малолетна ќеркабила физички нападната од едно машко лице, кое ѝ ја одзело чантата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2025 во 13.15 часот во СВР Штип, Б.Л.(74) од Штип пријавил дека околу 12.00 часот во Штип, едно машко лице со употреба на физилка сила од неговата малолетна ќерка одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2025 во 13.30 часот во СВР Скопје, С.В.(42) од Скопје пријавил дека на 04.06.2025 околу 12.00 часот во двор на приватно училиште на подрачјето на Карпош, неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца други ученици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2025 во 14.40 часот во СВР Скопје, Г.Т.(63) од Скопје пријавил дека во периодот од јануари 2025 до 10.06.2025 од гробно место на Градските гробишта Бутел со употреба на физичка сила и погоден алат била одземена една бронзена биста. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2025 во 23.00 часот во СВР Скопје, М.Д.(28) од Скопје пријавил дека при извршување работни задачи за Итна медицинска помош, во Ургентниот центар при Комплексот клиники „Мајка Тереза" бил физички нападнат од С.С.(64) од Скопје, кој бил придружба на друго лице пациент. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.06.2025 во 17.30 часот во СВР Скопје, З.Т.(54) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот на подрачјето на општина Аеродром бил физички нападнат од А.С.(43), А.С. (21), двајцата од Скопје и уште неколку други лица. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

Во СВР Скопје, 60-годишна жена пријавила дека на 08.06.2025 во семејниот дом на подрачјето на Шуто Оризари била физички нападната од нејзиниот син С.И.(40) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2025 во 05.05 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека нивниот штитеник К.П.(17) се вратил во установата, за кој претходно беше пријавено дека се оддалечил од установата.

На 10.06.2025 во 12.00 часот во Полициската станица Крушево, М.Р.(46) од с.Норово, крушевско, пријавил дека неговата ќерка С.Р. (15) од с.Норово, се оддалечила од семејниот дом и заминала во домот на С.А.(19) од с.Пресил, за што бил известен од неговиот татко С.А. од с.Пресил. Според пријавеното, набргу потоа тие заминале од домот со патничко возило. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет